Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево, на својата 47. редовна седница, одржана на ден 22.02.2017 година донесе

## ОДЛУКА

### за вклопување на бесправно изграден објект – викенд куќа во урбанистичко-планска документација на Благој Стоилков

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-814 од 19.08.2011 година, од страна на **Благој Стоилков** од Делчево, ул. „Партизанска" бр.11 а кое се однесува на бесправно изграден објект- викенд куќа изградена на КП бр. 1253 КО Ѕвегор вон гр.,запишана во Имотен лист, бр.804, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

**Број 09-220/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**22.02.2017 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за материјална помош Уп бр.21-34 од 25.01.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донирање на средства за изградба на**
**црква „Свети Јован Крстител“ во с. Очипала**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парични средства во износ од 20.000 денари на Црковниот одбор за изградба на црква „Свети Јован Крстител“ во с. Очипала.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе се наменат за изградба на црква посветена на „Свети Јован Крстител“ во с. Очипала, а ќе бидат исплатени на име МПЦ храм „Раѓање на Свети Јован Крстител“ с. Очипала, на жиро-сметка 300210000016758, Комерцијална банка.

Член 4

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-221/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за доделување парична помош Уп бр.21-20 од 17.01.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02. 2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за парична помош на**
**Викторија Ѓорѓиевска од Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 10.000 денари на лицето **Викторија Ѓорѓиевска** ул. „Јане Сандански“ бр.5 од Делчево.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се доделуваат за трошоци за оперативен зафат.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-222/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за доделување парична помош Уп бр.21-22 од 20.01.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02. 2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за парична помош на**
**Златан Величков од с.Град**

Член 1
Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 40.000 денари на лицето **Златан Величков од с. Град.**

Член 2
Средствата од член 1 на оваа одлука се доделуваат за надоместување на дел од трошоците и материјалната штета настаната од опожарување на помошна просторија на 23.12.2016 година.

Член 3
Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат исплатени на Златан Величков, трансакциска сметка 300007085974002, Комерцијална банка. Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 4
Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-223/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за доделување парична помош Уп бр.21-39 од 26.01.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02. 2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за финансиска поддршка на ВЕДА Филм Продакшнс ДООЕЛ Скопје**
**за реализација на филмот „Коливо“ на режисерот**
**Андреј И.Волкашин од Делчево**

Член 1
Советот на Општина Делчево дава финансиска поддршка во износ од 60.000 денари на ВЕДА Филм Продакшнс ДООЕЛ Скопје, за реализација на филмот „Коливо“ на режисерот Андреј И.Волкашин од Делчево.
Снимањето на филмот ќе биде во с.Град, Делчево во периодот од 20 февруари до 15 март 2017 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат наменети за трошоци за хотелско сместување на екипата и глумците во филмот, како и за дел од транспортните трошоци на глумците за време на снимањето на филмот.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат исплатени на име ВЕДА Филм Продакшнс ДООЕЛ Скопје,со седиште на ул.„Социјалистичка зора" бр.36-1/3, Скопје.

Член 4

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-224/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за финансиска помош Уп бр.21-46 од 30.01.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на парична помош на**
**Царка Поповска**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 30.000 денари на Царка Поповска од Делчево.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се за покривање на дел од трошоците за набавка на инвалидска количка и ќе бидат исплатени на име Царка Поповска, на трансакциска сметка 370000025242047, Еуростандард банка АД Скопје.

Средствата од член став 1 на овој член ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-225/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за финансиска помош Уп бр.21-53 од 31.01.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на парична помош на**
**Далибор Станковски**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 60.000 денари на Далибор Станковски, ул. „Кеј на Брегалница" бр.6-31 од Делчево.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се за покривање на дел од трошоците за набавка на инвалидска количка.

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат исплатени на име Далибор Станковски, трансакциска сметка 240167013611987, Уни банка.

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-226/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор „„Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево,на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02.2017 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот план за вработување**
**за 2017 година на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево**

1. Се усвојува Годишниот план за вработување за 2017 година на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-227/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"), Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02. 2017 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај за работата**
**и посигнатите резултати на**
**ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2016/2017**

1. Се усвојува Полугодишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2016/2017 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-228/1/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за
начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на 47.редовна седница, одржана на ден

22.02.2017 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од трето одделение**
**при ООУ „Св.Климент Охридски – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од трето одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"– Делчево.

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево.

**Број 09-229/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на 47.редовна седница, одржана на ден 22.02.2017 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од шесто одделение**
**при ООУ „Св.Климент Охридски – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од шесто одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"– Делчево.

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево.

**Број 09-230/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02. 2017 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на 47.редовна седница, одржана на ден 2017 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од деветто одделение**
**при ООУ „Св.Климент Охридски – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од деветто одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"– Делчево.

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево.

**Број 09-231/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"), Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница, одржана на ден

22.02.2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полудишниот извештај**
**за работата на**
**ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево 2016/2017**

1. Се усвојува Полугодишниот извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2016/2017 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-232/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02.2017 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за работењето**
**на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2016 година.**

1. Се усвојува Извештајот за работењето на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2016 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-233/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**22.02.2017 год.** **Претседател,**

**Д е л ч е в о**

**Драган Христов,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 47.седница, одржана на ден 22.02.2017 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Програмата за работа на**
**ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2017 година**

1. Се усвојува Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2017 година.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-234/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор „„Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево,на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02.2017 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот план за вработување**
**за 2017 година на СОУ „М.М.Брицо**
**"-Делчево**

1. Се усвојува Годишниот план за вработување за 2017 година на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-235/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02. 2017 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"), Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02.2017 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај**
**за работата на**
**СОУ „Методи Митевски Брицо" учебната 2016/2017**

1. Се усвојува Полугодишниот извештај за работата на СОУ „Методи Митевски Брицо "- Делчево за учебната 2016/2017.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-236/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница одржана на 22.02.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за согласност на Одлуката на УО на СОУ „М.М.Брицо"**
**за утврдување на работното време**
**во СОУ „М.М.Брицо"-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Одлуката на Училишниот одбор за утврдување на работното време на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево. бр.02-83/1 од 31.01.2017 година.

Член 2

Се утврдува почетокот и завршетокот на работното во СОУ „М.М.Брицо"-Делчево и тоа од 8:00 до 14:10 часот за наставничкиот кадар и од 7:30 до 15:30 за стручните работници и админстративниот кадар.

Работното време за помошно-техничкиот кадар ќе биде регулирано со посебна одлука на директорот на училиштето.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-237/1**
**22.02.2017 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), а во врска со член 31 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.67/04), Советот на Општина Делчево, на својата 47.редовна седница, одржана на ден 22.02.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо" Делчево за учебната 2017/2018**

Член 1

Се усвојува Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо" Делчево за учебната 2017/2018 со следните образовни струки и образовни профили:

| **Вид на образование** | **Вкупно паралелки** | **Вкупно ученици** | **Паралелки на мак.наст.јазик** | **Ученици на мак.наст.јаз.** |
|---|---|---|---|---|
| **а) Гимназиско образование вкупно** | **5** | **170** | **5** | **170** |
| **б) Стручно образование (во четиригодишно траење)** | **2** | **68** | **2** | **68** |
| **Струка** | **Образовен профил** | | | |
| 1) Текстилно-кожарска | Конфекциски техничар 1 | 34 | 1 | 34 |
| 2) Хемиско-технолошка | Прехрамбен техничар **1** | **34** | **1** | **34** |
| | | | | |
| **в) Стручно образование во тригодишно траење** | | | | |
| Струка Текстилно-кожарска угостителско-туристичка | Конфекционер 1 Келнер 1 | 34 34 | 1 1 | 34 34 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| / | / | / | / | / |
| Вкупно (а+б+в) | **9** | **306** | **9** | **306** |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-238/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 22, 43 и 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај (Службен весник на РМ бр.68/2004, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10 17/11, 53/11, 06/12, 23/2013, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на 22.02.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево**

Член 1

Во член 5 од Одлуката за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево, бр.07-296/1 од 02.02.2014 година, став 2, бројот 16 се заменува со бројот 8. Ставот 3 се брише.

Член 2

Членот 6 се менува и гласи:

„Постапката за доделување на линии за вршење на општински линиски превоз на патници се спроведува врз основа на оглас распишан од градоначалникот на општината и тоа еднаш годишно.

За спроведување на постапката градоначалникот формира комисија за одобрување на возни редови на нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии.

Огласот се објавува на огласната табла на Општина Делчево, на веб страната на Општина Делчево и во едно јавно гласило/медиум.

Во огласот се определува рокот за аплицирање на огласот и условите што треба да ги исполнува превозникот за да може да учествува на истиот.

Превозникот може да поднесе барање за одобрување на возен ред за нова линија односно за промена на возен ред за веќе одобрена линија и тоа за патничка линија, директна линија и брза линија.

Од денот на приемот на решението за одобрен возен ред во рок од 10 работни дена превозникот поднесува барање за издавање на дозвола за одобрениот возен ред.

Кон барањето за издавање на дозвола за одобрен возен ред за општински линиски превоз на патници се приложува следната документација:

- копија од решение од одобрениот возен ред;
- пет примероци од одобрениот возен ред изготвени на пропишан образец;
- доказ за платени административни такси.

Доколку во постапката за одобрување на возен ред поднесат барање два или повеќе превозници, со иста почетна и крајна станица од кои еден од нив е со седиште во почетната станица, приоритет има превозникот со седиште во почетната станица.

Доколку во постапката за одобрување на возен ред поднесат барање два или повеќе превозници, со седиште во почетната станица, приоритет има превозникот кој прв аплицирал.

Доколку во постапката за одобрување на возен ред поднесат барање два или повеќе

превозници, и ниту еден од нив нема седиште во почетната станица, приоритет има превозникот кој прв аплицирал.

Доколку има барање за промена на веќе одобрен односно регистриран возен ред и барање за нов возен ред, во тој случај приоритет има превозникот кој побарал промена на возен ред.

Промената на веќе одобрен односно регистриран возен ред ќе се одземе доколку превозникот не постапи во рокот утврден во овој член.

Промената на веќе одобрен возен ред и возниот ред на кој веќе е извршена промената ќе бидат одземени доколку превозникот не постапи и по осум дена од приемот на второто известување за дополнување на барањето за издавање на дозвола со потребаната документација.

Член 3

Се додава нов член 6 – а кој гласи:

„Важноста на возниот ред и дозволата за вршење на општински линиски превоз на патници се продолжуваат на барање на превозникот кое се поднесува пред истекот на важноста на дозволата и при тоа ги доставува следните документи:

– потребен број на возни редови;
– доказ дека поседува доволен број на возила за одржување на сите претходно одобрени возни редови за кои поседува валидна дозвола за вршење на општински линиски превозна патници;
– доказ за платени административни такси.

Важноста на возниот ред и дозволата за вршење на линиски превоз на патници нема да се продолжи доколку превозникот:

– не поднесе барање за продолжување на важноста на возниот ред и дозволата согласно став 1 на овој член;
– нема важечка лиценца и
– нема доволен број на возила и возачи колку што е потребно за да може да ги одржува сите поаѓања броејќи ги и возилата и возачите кои му се потребни за одржување на линијата за која ја продолжува важноста на дозволата.

Во случајот од став 2 на овој член не се продолжува важноста на возниот ред и дозволата за вршење на општински линиски превоз на патници и истите се бришат од евиденцијата на издадени дозволи за линиски превоз на патници и од евиденцијата на регистрирани возни редови за линиски превоз на патници."

Член 4

Се додава нов член 6 – б кој гласи:

„Одобрениот односно регистриран возен ред и издадената дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници можат да престанат да важат и пред истекот на рокот на важење ако:

– превозникот престанал да ги исполнува условите врз основа на кои се издадени;
– престанала важноста на лиценцата;
– на барање на превозникот и
– превозникот престанал да постои по други посебни прописи.

Во случаите од став 1 на овој член возниот ред и дозволата за врешње на општински линиски превоз на патници се одземаат и се бришат од евиденцијата на издадени дозволи за општински линиски превоз односно од регистарот на издадени дозволи за општински линии."

Член 5

Се додава нов член 6 – в кој гласи:

„Возниот ред за општинска линија ги содржи следните податоци:

– полн назив на домашен превозник;
– вид на линија: патничка, директна и брза;
– назив „Возен ред за општинска линија";
– назив на линијата;
– време на поаѓање, станици, должина на линијата во километри, време на враќање;

– режим на одржување на линијата: секојдневно, (односно во одредени денови во неделата при што точно се наведуваат деновите во кои се одржува линијата) и

– место за печат и потпис на овластено лице.

Рубриките на образецот се испишани на македонски јазик, а податоците во истиот се несуваат на македонски јазик.

Возниот ред за општинска линија се издава на образец во формат А4 на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на возниот ред за општинска линија е даден во Прилог 1 кој е составен дел на оваа Одлука.

Член 6

Во член 10 став 3 и став 4 зборот единствениот се брише.

Член 7

Во член 12 зборот единствениот се брише.

Член 8

Во член 14 став 6 по зборот дозвола се додава запирка и зборот патен налог.

Во истиот член став 7 по зборот користат се додава „дворните места на нарачателите на превозот.‟ Зборовите „постоечките автобуски стојалишта во општината‟ се бришат.

Член 9

Член 16 се брише.

Член 10

Член 17 се брише.

Член 11

Членот 21 се менува и гласи:

„Превозот во патниот сообраќај се врши со моторни возила што ги исполнуваат условите утврдени со прописите за безбедноста во сообраќајот на патиштата и посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за одделните видови превоз.

Под посебно технички експлоатациони услови се подразбираат условите што моторните возила во зависност од видот на превозот треба да ги исполнуваат заради обезбедување на квалитетен и безбеден превоз.

Исполнувањето на посебните техничко експлоатациони услови на моторните возила се докажува со Потврда за исполнување на посебните техничко експлоатациони услови на моторните возила. ‟

Член 12

Член 25 се брише.

Член 13

Член 26 се брише.

Член 14

Член 27 се брише.

**Број 09-241/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.02.2017 год.** **Претседател**
**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

Образец Прилог 1

________________________________ ___________________________________

(полн назив на домашен превозник) (вид на линија:патничка, директна, брза)

**ВОЗЕН РЕД**
**за општинска линија**

____________________________

**назив на линијата**

| **Време на поаѓање** | **Станици** | **Должина на линијата во км** | **Време на враќање** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Режим на одржување на линијата:**

– **Секојдневно: односно во одредени денови во неделата со наведување на деновите во кои ќе се одржува линијата од превозникот**

М.П. ______________________________

(потпис на овластено лице на превозникот)

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај (Службен весник на РМ бр.68/2004, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10 17/11, 53/11, 06/12, 23/2013, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на 22.02.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на тарифа за обележување, опремување и користење на авто такси станиците во општина Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука се определува тарифата за обележување, опремување и користење на авто такси станици во градот Делчево.

Обележувањето и опремувањето на авто такси станиците ќе го врши Општина Делчево или правно лице на кое таа обврска ќе биде пренесена.

Член 2

Висината на тарифата од член 3 на оваа Одлука е по возило, а со важност на изводите од лиценца за 4 (четири) години.

Тарифата се наплаќа при издавање на извод од лиценца за секое возило и се однесува на рокот на важење на лиценцата.

Во случај на замена на возило за кое веќе е платен надоместок, за новото возило ќе се издаде извод од лиценца со рокот на важење на изводот што се менува, а тарифата ќе се смета за платена.

Доколку во периодот на важење на лицецата превозникот поднесе барање за извод од лиценца за ново возило за истото се наплаќа дел од тарифата за временскиот период кој останува до рокот на важење на лиценцата.

Член 3

Висината на тарифата од член 1 на оваа Одлука изнесува за патничко моторно возило со најмногу седум седишта сметајќи го и седиштето на возачот (6+1) 5.000,00 денари.

Член 4

Уплатените средства по оваа тарифа се приход на Буџетот на Општина Делчево.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 5

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на

тарифа за опремување, обележување и одржување на авто-такси станици и стојалишта, и опремување обележување и одржување на автобуски стојалишта на подрачјето на општина Делчево бр.07-954/1 од 29.12.2009 година.

Член 6

Одлуката влегува во сила 8 дена од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-242/1**
**22.02.2017 год.**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Драган Христов,с.р.**